**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги известува сите заинтересирани лица дека ќе ја организира 6-тата обука на кадри за инвестиционо советување. Обуката ќе се организира во работни денови во попладневните часови и денови на викенд, согласно распоредот на кандидатите кој ќе го добијат на првиот ден на обуката. Доколку за обуката се пријават помалку од 30 учесници, истата ќе се спроведе како менторска настава, за што пријавените учесници ќе бидат навремено известени.

По завршување на обуката, кандидатите ќе полагаат стручен испит за инвестиционо советување. Со полагање на стручниот испит за инвестиционо советување кандидатите се стекнуваат со уверение за положен стручен испит за инвестиционо советување.

Пријавувањето на кандидатите се врши писмено, со доставување на пријави во архивата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија или по пошта на следната адреса:

***Комисија за хартии од вредност на Република Македонија***
***ул.Македонија бб.***
***Палата Лазар Поп Трајков***
***П.фах 859***
***1000 Скопје***

За учество на обуката кандидатот треба да ги достави следните документи:

1. Пријава за следење на 6-тата обука за инвестиционо советување (може да се најде на веб страната на Комисијата во делот на – Обуки www.sec.gov.mk );
2. Уверение за завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) и доказ за искуство од најмалку една година во областа на финансиите (оригинал или копија со нотарска заверка);
3. Доказ дека не е осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години;
4. Доказ дека не е осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување на стечај на правно лице;
5. Доказ за извршена уплата на надомест во висина од 25.000,00 денари на жиро-сметката на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија:

   240-0100015825-35, депонент на УНИ банка АД Скопје
   210-0444346201-73, депонент на Тутунска банка АД Скопје
   200-0000122022-04, депонент на Стопанска Банка АД Скопје
   300-0000020097-79, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје
   330-0700477004-65, депонент на Капитал Банка АД Скопје
   290-1000000959-79, депонент на ТТК Банка АД Скопје
   320-1000023805-75, депонент на Централна Кооперативна Банка АД Скопје
   270-0444346201-80, депонент на Халк Банка АД Скопје
   500-0000007383-91, депонент на Стопанска Банка АД Битола

**Цел на дознака: учество на обука за инвестиционо советување.**

**Рокот за пријавување на кандидатите е заклучно со 24.03.2017 година**

За сите дополнителни информации може да се обратите на телефонските броеви на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија: 02/3244-670 и 02/3244-678, или на e-mail vasko@sec.gov.mk и ivana@sec.gov.mk.